РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА НА НУ. НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

Скопје, февруари 2025 година

---

Почитувани,

Според доставено Решение бр. УП 21-604/2024 од 05.02.2025 година од страна на министер за култура и туризам, примено и заверено во НУ Национална опера и балет на 06.02.2025 под бр. 05-404/1, врз претходна Одлука за избор на национални установи во 2025 година на кои работењето ќе се финансира со делегиран буџет бр. 53-744/1 од 29.01.2025 година, Ја поднесуваме следната

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА**

Врз основа на доделени буџетски средства на Министерството за култура и туризам

Буџетска програма 40 – музичка и музичко – сценска дејснот

1. **„Риголето“ – Џузепе Верди (премиера опера)**

   Оваа година, Националната опера и балет има привилегија да подготви нова продукција на „Риголето“, во реализација на реномиран креативен тим *(Пјер Франческо Маестрини ( режисер) Лука Дал Алпи (костимограф)*
   *Хуан Гиљермо Нова (сценограф)* кој веруваме дека ќе внесе свежа уметничка визија во духот на најдобрите традиции на италијанската опера.

2. „**Мадам Бовари“ – (премиера балет)**

   Балетска премиера со која ќе се заокружат 25 години уметничка дејност на балетската првенка Марија Кичевска Шокаровска за прв пат на нашата сцена ќе ја постави тимот од Р. Украина и тоа: Виктор Ишчук– кореограф, Гана Ипатиева – костимограф и Андреј Злобин, сценораграф, на јавноста познати како автори на претставите Дон Кихот, Лебедово езеро и Рајмонда.

3. **„Лице од ѕвезди“- Стојан Стојков –( премиера балет)**

Проектот подразбира поставување на оргинално и неизведено музичко сценско дело во форма на балетска суита. - светска премиера. Станува збор за национално дело од македонски автор композиторот Стојан Стојков, со што Националната опера и балет го збогатува својот репертоар со уште еден оргинален национален балет.

4. **Традиционален концерт повод празникот Василица**

   Традиционалниот концерт по повод празникот Василица ќе биде свечен музичко-сценски настан во Националната опера и балет, кој ќе се изведува во два термини – на 12 и 13 јануари 2025 година.

5. **Ангажирање на балетски репетитори-педагози, балетски првенци и солисти од странство**

   Зголемениот број на балетски премиери, претстави од тековниот репертоар како и планираните меѓународни гостувања, но пред сé подобрување на програмската понуда со нови уметници, но и квалитетен сценски израз, подразбира агажирање на репетитори-педагози, балетски првенеци и солисти од странство.

6. **Набавка на шпиц патики**

7. **Набавка на балетска опрема**

8. **Потрошен материјал за инструменти во лична сопственост и сопственост на НУ НОБ**

9. **Исплата на кирија за членови од Оркестарот на НУ НОБ кои користат сопствени инструменти (**од сопствени средства**)**

**10. Ангажирање на шеф/главен диригент**

Ангажирањето на шеф диригент за сезоната носи квалитет, континуитет и единствен уметнички правец во изведбите на ансамблот. Со шеф диригент кој го познава ансамблот, се создава и продлабочува креативна синергија меѓу музичарите и диригентот, што резултира со доследен и подобрен музички израз. Освен тоа, шеф диригентот има капацитет да привлече нова публика и да ги постави темелите за долгорочен развој на репертоарот и имиџот на институцијата.

**11. Тековен репертоар на операта и балетот**

Преку „Тековниот репетоар на Балетот“ го следиме трендот за одржливост со изведби на веќе добро пласирани претстави. За 2025 година уметничкото раководство ги планира претставите: „Кавалерија Рустикана“, „Паљачи“, „Мадам Батерфлај“, „Тоска“, „Набуко“, „Аида“, „Турандот“, „Реквием – Моцарт“, „Концерт 200 години Штраус“, „Концерт на филмска музика“, „Гала оперски концерт на Дешира Амети Крлиу, гости на концертот Саимир Пиргу и Инва Мула“, „Лице од ѕвезди“, „Жизел“, „Дон Кихот“, „Шехерезада“, „Лебедово езеро“ „Оревокршачка“, „Рајмонда“, „Петар пан“, „Есмералда“„Доктор Офболи“, „Дамата со камелии“ и други.

Со цел нивна реализација доделените средства се наменети за покривање на продукциски трошоци како гости солисти, гости диригенти, вокален тренер, одржување на инструменти, дополнителна сценска опрема, хемиско чистење, амортизација на костимски и сценографски елементи, хонорарно ангажирање на лица за реализација на продукциски потреби од доменот на уметничката изведбена реализација (хористи, балетски уметници) како и од доменот на сценско-техничката потреба и други трошоци поврзани со реализација на тековниот репертоар на операта и балетот на НУ. НОБ.

Согласно меѓусебни договори со центрите за култура и останатите театри и фестивали низ РСМ оваа понуда е основа за креирање на понуди за гостување со кои сметаме дека делуваме одговорно во процесот на децентрализација на оперско-балетската понуда.

12. **„Лилјакот" – Јохан Штраус Помладиот**

Светот во 2025 ќе се движи во ритамот на *„Кралот на валцерот"*! Оперетата „Лилјакот" од Johann Strauss II програмски ја вклучуваме во новата сезона, со цел одбележување на 200 години од неговото раѓање, и наше приклучување кон овој значаен јубилеј. Премиерата на оперетата *Лилјакот* од Штраус ќе ја разнесе магијата на виенскиот валцер на сцената на Националната опера и балет. Со познатиот хумор и весели мелодии, *Лилјакот* ветува незаборавно искуство што ја истакнува виртуозноста на оркестарот и талентот на солистите, внесувајќи ги гледачите во раскошниот свет на виенската опера.

**13. „Оревокршачка" – П. И. Чајковски**

Нова постановка на една од најпопулапрните балетски продукции на Националната опера и балет. „Оревокршачка" е еден од најпознатите балети на сите времиња, со музика од рускиот композитор Петар Илич Чајковски, базиран на приказната „Оревокршачка и кралот на глувците" од Ернст Теодор Амадеус Хофман, адаптирана од Александар Дима.

**14. Концерт на Пласидо Доминго**

] Скопје ќе биде домаќин на еден од најзначајните музички настани во својата историја – концертот на легендарниот шпански тенор и диригент, Пласидо Доминго кој ќе се одржи на 14.03.2025 година. На концертот ќе настапи од познатата солистка од Италија Марија Жозе Сири. Концертот ќе го диригира шпанскиот диригент Жорди Бернасер, кој редовно настапува во

најпрестижните театри и со реномирани оркестри, овој пат ќе настапи со Оркестарот на Националната опера и балет. Настанот ќе се одржи во арената „Борис Трајковски“ со почеток во 21 часот. Овој концерт е организиран од „Прагма продукција“ во копродукција со Националната опера и балет.

Буџетска програма 70, културно-уметнички манифестации

1. **Меѓународен оперски фестивал „Мајски оперски вечери“ – 53то издание**

   Мајските оперски вечери, почнувајќи од 1972 година, се симбол на културното светско богатство на уметничката, оперско-балетска традиција, која во нашата земја се презентира и развива повеќе од седум декади. Благодарение на актуелната програмска политика, фестивалот не само што опстојува туку и се развива низ годините, привлекувајќи нови генерации на гледачи, љубители на операта и балетот.

   Фестивалската програма на 53тите „Мајски оперски вечери“ под иста програмско сценарио ќе презентира реномирани уметници од светската оперска сцена. Претставите дел од фестивалската програма за 2025 година се: Премиера на „Риголето“- Верди на 09-ти мај со што ќе се отвори фестивалот, „Лебеово езеро“ – Чајковски, „Набуко“- Верди, „Мадам Батерфлај“ – Пучини, „Турандот“ – Пучини и „Аида“ – Верди на 31-ви, со што традиционално ќе се затвори фестивалот.

   Планираните финансиски средства се неопходни за реализација на фестивалската програма и за сé што се подразбира под реализација како: реномирани гости диригенти, гости солисти, средства за пат и сместување, умножување на нотен материјал, амортизација на сценски и костимски елементи, хемиско чистење, сценска опрема за визуелни ефекти, вокален тренер, репрезентативен материјал, фото и видео документирање на

изведбите, изработка на комуникациски графички решенија, со цел промовирање на фестивалот и програмската содржина на сите расположливи канали за комуникација со акцент на маркетинг промоција на социјалните мрежи и платформи, печатење на каталог/брошура, по потреба хонорарно ангажирање на лица за продукцски потреби од доменот на уметничко-изведбената реализација и од доменот на сценско-техничката реализација и други трошоци кои се неопходни за реализацијата на фестивалот.

<u>Буџетска програма 90 – меѓународна соработка</u>

1. **Гостување на Балетот на НУ. НОБ со претставите „Кармина Бурана"и „Дракула" во Р. Швајцарија, Р. Франција, Р. Италија, Р. Шпанија и Р. Португалија) и гостување со претставите „Лебедово езеро" и "Оревокршачка" во Кина, Тајван и Тајланд и гостување на балетот на 39-от Интернационален музички фестивал во Анкара, Р. Турција со претстава во кореографија на Кан Арслан.**

2. **Гостување на Оркестарот на НУ НОБ во Р. Франција**

<u>Буџетска програма 94 – европски интеграции</u>

1. **Национална опера и балет член на Опера Европа – професионална асоцијација на оперски компании и фестивали во Европа**

   Овој проект подразбира уплата на годишно членство во релевантна меѓународна организација во рамките на Европска унија, ОПЕРА ЕВРОПА – професионална асоцијација на оперски компании и фестивали во ЕвропаОпера Европа е водечка услужна организација, асоцијација за професионални оперски компании и оперски фестивали низ цела Европа. НУ Национална опера и балет е официјален член на организацијата од 2022 година.

Буџетска програма 84  - одржување на објектите и опремата во културата

1. **Поправка и тековно одржување на објект и опрема**

Со почит,
Оливер Арсовски,
Директор на НУ Национална опера и балет

Изработил:
м-р Евица Тасеска Каранфилова,
програмски раководител